пишуваат: „Ѕвездата која се појавила на небото во Јудеа е долгоочекуваниот знак на надеж. Таа ги води мудреците, а по нив сите народи на Земјата, на местото каде станува видлив вистинскиот Цар и Спасител. Ѕвездата е дар, знак на присутност на Бог кој има љубов за целото човештво. [...] Мудреците ни објавуваат дека Бог сака единство на сите народи. Тие патуваат од далечни земји и ги претставуваат различните култури, и сите сакаат да го видат и да го запознаат новородениот Цар. Се собираат во Витлеемската пештера, му се поклонуваат и ги принесуваат своите дарови.

Христијаните се повикани да бидат знак за единство во светот кој Тој го сака. Иако припаѓаат на различни култури, раси и говорат на различни јазици, христијаните го делат заедничкото трагање за Христос и заедничката желба да му се поклонат. Посланието на христијаните е да бидат знак, како ѕвездата, за да го водат човештвото жедно за Бога до Христос и да бидат Божје орудие за остварување на единството на сите народи.” (3)

Ѕвездата која им светлела на мудреците ни светли и на сите нам. Запалена е пред сѐ во длабочината на совеста која дозволува да ја осветли љубовта. Сите можеме да го изостриме својот поглед за да можеме да видиме, да следиме и да дојдеме до целта, до средбата со Бога и со нашите браќа и сестри во секојдневниот живот, за со сите да ги споделиме своите искуства.

*„Ја видовме Неговата ѕвезда на Исток, па дојдовме да Му се поклониме."*

Поклонувањето на Бога е значајно, за пред Него да можеме се препознаеме онакви какви што сме: мали, кревки, секогаш во потреба за простување и милосрдие и затоа искрено на располагање за таков став кон другите. Тоа поклонување, кое сме должни само на Бога, во целосност се изразува во адорацијата.

Може да ни помогнат и овие зборови на Кјара Лубик: „[...] Што значи да му се поклонуваме на Бог? Таквиот став треба да се насочи само кон Него. Да Му се поклонува на Бог значи да Му се каже: ‘Ти си сѐ, ти си она што си, а јас имам неизмерна животна повластица тоа да го препознаам.’ [...] Исто така значи [...]: ‘Јас сум ништо’. Да не го изговораме тоа само со зборови. За да Му се поклонуваме на Бога, мораме да се поништиме себе си и да дозволиме Тој да победи во нас и во светот. [...]

Но, најсигурниот пат да дојдеме до животно признание за нашата ништавност и Божјата целосност е целосно позитиввен. За да ги поништиме своите мисли, мораме да размислуваме само за Бог и за неговите мисли кои ни се објавени во Евангелието. За да ја поништиме својата волја, мораме да ја вршиме Неговата волја која ни се открива во сегашниот миг. За да ги поништиме нашите неуредни чувства, доволно е во срцето да имаме љубов кон Него и да ги љубиме своите ближни, делејќи ги со нив нивните стравови, болки, проблеми и радости. Ако секогаш сме во љубов, ние сме поништени, а тоа да не го забележуваме. А бидејќи живееме поништени, со својот живот ја потврдуваме Божјата моќ, дека тој е сѐ, отворајќи се кон вистинскиото поклонување на Бога.” (4)

*„Ја видовме Неговата ѕвезда на Исток, па дојдовме*